Управниот одбор на Здружението на судиите на Република Македонија врз основа на член 25 од Статутот на ЗСРМ, на седницата одржана на ден 11.07.2011 година, донесе

ЗДРУЖЕНИЕ НА СУДИИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0401-38/11
11.07 2011 год.
СКОПЈЕ

**О Д Л У К А**

**За промена на формата и начинот на издавање на списанието на Здружението на судиите на Република Македонија "Судиска ревија" од пишана во електронска форма**

Со оваа одлука се определува формата и начинот на издавањето на Судиската ревија како стручно списание кое го издава Здружението на судии на Република Македонија во пишана форма, во кое се објавуваат трудови и статии од разни области на правниот живот, толкувања и примена на правни прописи и правила, меѓународни договори и конвенции, погледи врз организацијата на судството, статусот на судијата и слично, така што од денот на донесувањето на одлуката во иднина тоа ќе се издава во електронска форма на официјалниот веб сајт на Здружението на судиите на Република Македонија – www.mja.org.mk.

**О б р а з л о ж е н и е**

Управниот одбор на Здружението на судиите на Република Македонија во рамките на своите надлежности а во функција на остварување на целите на Здружението согласно Статутот на Здружението на судии на Република Македонија за јакнење на професионалниот и општествениот статус на судиите, донесе одлука за промена на формата и начинот на издавање на списанието Судиска ревија од пишана во електронска, со што ќе се овозможи да се намалат трошоците за нејзино публикување и истата да биде достапна до сите целни групи на официјалниот веб сајт на Здружението.

Ова отткако Здружението на судиите на Република Македонија успешно реализра проект во соработка со УСАИД и ОБСЕ за остварување услови за електронско издавање на списанието, на интерактивна веб страна со подлдисток "Судиска ревија", а на здруженеието му се донирани два комјутери кои ќе можат да обезбедат подрашка на елекронското издавање на списанието.

Ова од причина што финансирањето на Судиската ревија во пишана форма е проследено со големи финансиски трошоци и е основна пречка за нејзино редовно издавање.

Новиот начин на издавање на списанието Судиска ревија поблиску ќе регулиран со Правилникот за начинот за издавање на стручното списание на Здружението на судиите на Република Македонија "Судиска ревија од 11.07.2011 година.

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето

Здружение на судии на Република Македонија
Претседател,
Николчо Николовски